

## ДВАЕСЕТ И СЕДМОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ ГРАД РИМ – 1995

***Во 1995 година во Рим престојуваше македонската државна деегација на чело со претседателот на републиката г-дин Киро Глигоров, министерот Стево Црвенковски и министерот Ештреф Алиу.***

По повод 24 Мај, празникот на сесловенските просветители солунските браќа свети Кирил и свети Методиј, делегацијата на Македонската православна црква, предводена од Поглаварот на нашата Црква, г. г. Михаил, а во придружба на митрополитот Полошко-кумановски Кирил

и протоѓаконот Александар Цандовски, како и авторот на овие редови Славе Николовски –Катин, во својство на потпретседател на Комисијата за односот со верските заедници на Република Македонија, во периодот од 23 до 26 мај 1995 година престојуваше во Рим. Во составот на нашата делегација беше вклучен и бискупот Скопско-призренски д-р Јоаким Хербут.

Ова патување беше со цел поклонување пред моштите на сесловенскиот светител, просветител и учител свети Кирил Солунски и отслужување на Молебен пред неговиот гроб, а потоа и посети и средби со официјални личности во Ватикан.

И двете делегации (црковната и државната) за Рим отпатуваа на 23 мај во попладневните часови . Делегациите ги пречекаа: амбасадорот на Р. Македонија во Ватикан, д-р Димитар Мирчев, и двајца претставници на Ватикан. По пристигнувањето во Рим (околу 18 часот), дел од државната делегација и членовите на црковната делегација беа сместени во најрепрезентативниот хотел „Гранд хотел" во Рим .

Според програмата, истиот ден, на предвидената средба за 19:45 часот за посета на македонската амбасада во Рим, присуствуваше митрополитот Кирил и во таа прилика беа извршени консултации и со вршителот на должноста амбасадор на Р. Македонија во Р. Италија - г-дин Ристо Блажевски, како и нашиот амбасадор при Ватикан, г-дин Димитар Мирчев околу претстојните наши активности во Рим. Истиот ден, во 21 часот, митрополитот Кирил и бискупот д-р Јоаким Хербут присуствуваа на концертот на камерниот состав *„ Гајдов"* од Македонија, во салата *„Балдини"* во Рим.




HVC AVATICANO FERTVRPP NICOLAO IMNISDIVINIS QDAROMATIB SEPELIV



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**